„(5) Продажбата на државен капитал, изразен во акции и удели во претпријатија кои имаат регистрирано седиште надвор од Република Македонија, односно акции во банките и финансиските институции кои имаат регистрирано седиште надвор од Република Македонија, може да се врши по процедури согласно законодавството на државата во која е регистрирано седиштето на претпријатијата, односно банките или финансиските институции.

(6) Начинот и постапката за продажбата на државен капитал во случаите од ставот (5) од овој закон поблиску ќе бидат уредени со прописот од член 12 од овој закон."

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за приватизација на државниот капитал.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRIVATIZIM TË KAPITALIT SHTETËROR**

Neni 1

Në Ligjin për privatizimin e kapitalit shtetëror ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 37/96, 25/99, 81/99, 49/2000, 6/2002, 74/2005 dhe 123/2012), në nenin 9 pas paragrafit (4) shtohen dy paragraf të rinj (5) dhe (6), si vijojnë:

"(5) Shitja e kapitalit shtetëror, e shprehur në aksione dhe pjesëmarrje në ndërmarrje të cilat kanë seli të regjistruar jashtë Republikës së Maqedonisë, përkatësisht aksione në banka dhe institucione financiare të cilat kanë seli të regjistruar jashtë Republikës së Maqedonisë, mund të kryhet sipas procedurave në pajtim me legjislacionin e shtetit në të cilin është regjistruar selia e ndërmarrjeve, përkatësisht bankave ose institucioneve financiare.

(6) Mënyra dhe procedura për shitjen e kapitalit shtetëror në rastet nga paragrafi (5) të këtij ligji më afërsisht do të rregullohen me rregullën nga neni 12 i këtij ligji."

Neni 2

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për privatizim të kapitalit shtetëror.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**5154.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Репуб-лика Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 ноември 2014 година.

Бр. 07– 4217/1
10 ноември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА**

Член 1

Во Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" број 69/13 и 188/13), во членот 19 став (1) по точката 8) се додава нова точка 9), која гласи:

„9) врз основа на пренос со договор за подарок помеѓу брачни другари или помеѓу родители и деца;".

Точките 9), 10), 11) и 12) стануваат точки 10), 11), 12) и 13).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR MARRJE TË SHOQËRIVE AKSIONARE**

Neni 1

Në Ligjin për marrje të shoqërive aksionare ("Gazeta Zyrtare në Republikën e Maqedonisë" numër 69/13 dhe 188/13), në nenin 19 paragrafin (1) pas pikës 8) shtohet pikë e re 9), si vijon:

"9) në bazë të bartjes me marrëveshje për dhuratë ndërmjet bashkëshortëve ose prindërve dhe fëmijëve;".

Pikat 9), 10), 11) dhe 12) bëhen pika 10), 11), 12) dhe 13).

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga botimi i tij në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".